Предметни програми со информации согласно со членот 4 од Правилникот за содржина на студиските програми (“Службен весник на Република Македонија”, бр.79/2023)

Ред.број:6

Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	АГРОМЕНАЏМЕНТ			
2.	Код	ФЗНХ 3			
3.	Студиска програма	Дигитално земјоделство			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус студии			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	I
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ана Котевска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Цели на предметната програма (компетенции):** По завршување на наставата и положувањрто на овој предмет, студент треба да биде способен да ги дефинира и објасни теоретските основи и концепти на менаџментот, функциите на менаџментот и нивната примена во организации кои работат во земјоделско-прехранбениот сектор, од мали семејни фарми до големи организации. Студентот треба да се стекне со основни концепциски вештини и да ги доразвие меѓучовечки вештини потребни во менаџментот, како и примена на алатки за анализа на опкружувањето на менаџментот, планирање, организирање, контрола итн. **Резултати**: Студентот ги разбира специфичностите на земјоделството што го издвојуваат агромернаџментот како посебна наука; студентот може да ги идентификува основните карактеристики на разлините фази од развојот на менаџментот како наука; студентот ги разликуваа различните форми на организации во земјоделството; Студентот ги разбира улогите кои менаџерот ги има во организациите, како и потребните вештини и знаења за тие улоги; студентот систематски			

		го анализира опкружувањето во коешто работи организацијата; студентот ги разбира и свесно ги применува знаењето и потребните алатки за различните функции на менаџментот (одлучување, планирање, организирање, контролирање).
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**1. Вовед во агроменаџментот** Резултат: Студентите ќе се запознаат со општиот концепт на менаџментот и зошто се изучува тој. **2. Специфичности на земјоделското производство** Резултат: Студентите ќе се запознаат со специфичностите на земјделството што го издвојуваат агроменаџменот како посебна наука. **3. Историски развој на менаџментот** Резултат: Студентите ќе се запознаат со главните правци и теоритичари кои учествувале во развојот на менаџментот како наука, настаните и причините кои го воделе овој процес, како и нивната релевентност во денешни услови. **4. Организација и вршители на земјоделска дејност** Резултат: Студентите ќе се запознаат со организацијата како општествена творба и нејзините општи карактеристики, со осврт на организациите во земјоделството и формата во која се јавуваат. Студентите ќе се запознаат со карактеристиките и значењето на малиот бизнис и на семејните фарми. **5. Менаџер – улоги, вештини, функции** Резултат: Студентите ќе се запознаат со улогата кои менаџерите ги имаат во организацијата, како и различните задачи кои ги извршуваат и вештини кои ги користат во примена на различните функции на менаџментот и на различните нивоа на менаџмент. Посебен акцент ќе се стави на придонесот од развивање на концепциските и меките вештини, како надополнување на стручните технички знаења и вештини. **6. Опкружување на менаџментот** Резултат: Студентите ќе се запознаат со видовите и факторите на опкружувањето кои се оз значење за секоја организација (внатрешно, оперативно, општо и глобално опкружување) **7. Алатки за анализа на опкружувањето** Резултат: Студентите ќе се запознаат и ќе се оспособат да користат неколку алатки за анализа на опшружувањето: моделот на пет сили на Портер, ПЕСТ, ПЕСТЕЛ, и СВОТ, преку работа во групи. **8. Одлучувањето како функција на менаџментот** Резултат: Студентите ќе се запознаат со процесот на донесување на одлуки, како и факторите коишто влијаат на одлучувањето. **9. Планирањето како функција на менаџментот** Резултат: Студентите ќе се запознаат со поимите и видовите на цели и планови, како и со процесот на нивно донесување. Студентите ќе се оспособат да дефинираат различни видови на цели работејќи индивидуално и во групи. **10. Стратегиско планирање** Резултат: Студентите ќе се запознаат со процесот на стратегискиот менаџмент и различните видови на стратегии кои една организација треба да ги обмисли и подготви. Студентите ќе се оспособат да ги препознат различните стратегии коишто се применувани од различни организации. **11. Алатки за планирање** Резултат: Студентите ќе се запознаат со бизнис планот и бизнис моделот како две основни алатки за планирање и ќе се оспособат за нивна подготовка со работа во групи.

		12. Организирањето како функција на менаџментот и организациска структура Резултат: Студентите ќе се запознаат со поимот и процесот на организиарање, со основните елементи и факторите коишто влијаат на изборот на организациска структура. Студентите ќе се оспособат да ги препознаат различните видови на организациска структура коишто се јавуваат во праксата. **13. Контролата како функција на менаџментот** Резултат: Студентите ќе се запознаат со поимот и значењето на контролата за опстојувањето и развојот на организацијата, преку запознавање на процесот и различните видови на контрола. **14. Примена на комјутерски технологии во унапредување на менаџментот** Резултат: Студентите ќе се запознаат со различните современи дигитални решенија за унапредување на работата на менаџерот. **15. Повторување и поврзување** Резултат: Студентите ќе го повторат целиот материјал со препознавање на клучните допирни точку помеѓу различните изучувани концепти. Студентите ќе се оспособат да презентираат, да водат и да развиваат дискусија.		
13	Заемна поврзаност на предметите	Менаџментот е основна рамка во која се развива секој бизнис на којашто се надоградуваат сите стручни предмети; преку овој предмет студентите се запознаваат со основните концепти потребни за успешно водење на бизнис		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Наставата ќе се реализира преку теоретски и и нтерактивни предавања, со употреба на Power Point презентации, видеа, дискусии, изучување на практични случаи, студии на случај, изработка на групни и индивидуални семинарски задачи. Практичната работа ќе се реализира преку анализа и дискусија на индивидуалните домашни задачи или работа во групи на часовите за вежби.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	4 ЕКТС x 30 часови = 120 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	10
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	10
		17.2.	Самостојни задачи: часови	10
		17.3.	Домашно учење - задачи	30
18	Услови за потпис	Присуство на предавања и вежби и остварени задачи		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		60
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		20
	19.3.	Завршен испит: бодови		20
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)
			51 x до 60 бода	6 (шест) (E)
			61 x до 70 бода	7 (седум) (D)
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)

				од 91 до 100 бода	10 (десет) (А)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата			Анономна анкета на студентите		
22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Котевска, А.	Агроменаџмент (интерна скрипта)	ФЗНХ	2023
		2.				
		3.				
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Gareth R. J., J.M. George	Современ менаџмент	Глобал Комуникации, Скопје	2008
		2.	Грифин Р.В.	Основи на менаџментот.	Генекс, Кочани	2010
		3.	Шуклев Б.	Менаџмент	Економски Факултет, Скопје	1999
		4.	Olson, K.D.	Farm management	Iowa State Press	2004
		5.	Cook, C.W., Hunsaker, P.L	Management and organizational behavior	McGraw-Hill, NewYork	2001